Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-320/2
28.07.2025 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 48-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 30.06.2025 година, со почеток во 14:00 часот**
**во салата на Општина Градско [illegible]**

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 47-та седница на Советот на Општина Градско.
2. Усвојување на Записникот од 4-та вонредна седница на Советот на Општина Градско.
3. Предлог- Одлука за давање согласност на на Годишниот план за вработување на општина Градско за 2026 година.
4. Предлог- Одлука за усвојување на Извештајот-Елаборатот за проценета штета од атмосферска непогода- мраз што ја зафати Општина Градско на 20 Март 2025 година.
5. Предлог- Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Градско.
6. Предлог- Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈКП „Клепа“ Градско.
7. Предлог- Одлука за усвојување на Квартален финансиски извештај за период од 01.01.2025 - 31.03.2025 година на ЈКП „Клепа“ Градско- прв квартал.
8. Разгледувања на барања и поднесоци.
9. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.
Од 9 советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно разгледување на точките од дневниот ред за 48-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 47-та седница на Советот на Општина Градско.*
Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 47-та седница на Совет на Општина Градско.
Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 47-та седница на Совет на Општина Градско.
Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 47-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Усвојување на Записникот од 4-та вонредна седница на Советот на Општина Градско.*
Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 4-та вонредна седница на Совет на Општина Градско.
Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 4-та вонредна седница на Совет на Општина Градско.
Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 4-та вонредна седница на Совет на Општина Градско.

*3.Одлука за давање согласност на на Годишниот план за вработување на општина Градско за 2026 година.*
Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Катерина Кузмановска од општинската администрација, моенталната состојба на вработени лица во општина Градско е 21 лице. За 2026 година предвидено вработување на едно работно место, помлад соработник и предвидено е едно пензионирање.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање согласност на на Годишниот план за вработување на општина Градско за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање согласност на на Годишниот план за вработување на општина Градско за 2026 година.

*4.Одлука за усвојување на Извештајот- Елаборатот за проценета штета од атмосферска непогода- мраз што ја зафати Општина Градско на 20 Март 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Роби Богески претседател на Комисијата за процена на штети. Штетата е настаната на 20 март, од страна на градоначалникот е формирана комисија и објавен е повик за пријавување на штети. По завршување на рокот за пријава се излезе на терен, има 77 пријави. Од страна на комисијата се изготви извештај- елаборат, вкупната проценета штета изнесува 143.937.300,00 денари поделени по правни и физички лица.

Боне Спасовски- дали може да добиеме поединечно за секој и за физичките лица колкава е проценката поради тоа што во извештајот е вкупната сума. Гледам некои лица берат, да се види колкав процент е измрзнувањето.

Маја Андовска- нека ни се достави списокот на наредна седница.

Мирјана Ѓорѓиева- врзани сме рокови за достава на извештајот.

Маја Андовска- ние сега ќе го изгласаме, а да ни се достави списокот со физички лица.

Боне Спасовски- после што ќе правиме ако има незадоволство кај физичките лица. Да се види некои парцели се измрзнати некои не. Да не се случи да има после реакции од луѓето.

Роби Богески- како комисија сметам дека процентот на измрзнување е реално прикажан, некои лица можеби берат од парцели каде што нема измрзнување.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Извештајот- Елаборатот за проценета штета од атмосферска непогода- мраз што ја зафати Општина Градско на 20 Март 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Извештајот- Елаборатот за проценета штета од атмосферска непогода- мраз што ја зафати Општина Градско на 20 Март 2025 година.

*5.Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Мирјана Ѓорѓиева- оваа одлука се однесува на 13 јули по повод патрониот празник Павловден.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Градско.

*6.Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈКП „Клепа“ Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Ванчо Цветков директор на ЈКП Клепа Гардско. Годишниот план минатата година не ни беше одобрен од страна на Министрeството за јавна администрација поради балансерот. Во однос на бројот на вработени нема промена, вработени се 7 лица од кои 4 на неопределено и 3 на определено време, целта со овој план е лицата кои се на определено време да се трансформираат на неопределено време. Понатаму треба да се направи нова систематизација.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈКП „Клепа“ Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈКП „Клепа“ Градско

*7.Одлука за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2025 -31.03.2025 година на ЈКП „Клепа“ Градско- прв квартал.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Катерина Минова сметководител на ЈКП Клепа Градско од сметководствено биро Правеко. Извештајот до 31 март годинава споредбено со лани истиот период оваа година имаме оперативни приходи 2.467.000,00 денари, вкупните трошоци се 2.260.000,00 денари, оператибната добивка е 507.000,00 денари, побарувања има 4.011.000,00 денари. Вкупно средства се 20.345.000,00 денари.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2025 -31.03.2025 година на ЈКП „Клепа“ Градско- прв квартал.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2025 -31.03.2025 година на ЈКП „Клепа“ Градско- прв квартал.

8.*Разгледувања на барања и поднесоци*

а) Барање од Александар Колев од Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

б) Барање од Денис Фазлиов од Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

в) Барање од Снежана Финаева за доделување на финансиски средства потребни за покривање трошоци за лекување.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

г) Барање од ФА Стоби Градско за доделување на финансиски средства за тековни активности.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

д) Барање од Јованче Стојанов од с.Ногаевци, општина Градско за доделување финансиски средства за одбележување на празникот „Спасовден“.

По разгледување на барањето советниците со 8 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

*19.Разно*

/

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 48-та седница во 15:00 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева